# Службен весник на Република Македонија

**Број 159** **15 септември 2015, вторник** **година LXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4592. | **Закон** за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите……...……….............................. | **1** |
| | **Огласен дел**........................................................................................................................ | **1-8** |


## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4592.**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕЗАКОНСКОТО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ**

Се прогласува Законот за Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 септември 2015 година.

Бр. 08-4352/1
15 септември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕЗАКОНСКОТО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ

## I.Основни одредби

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите (во натамошниот текст: Јавното обвинителство), основите за именување и разрешување на јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите и други прашања во врска со работата на обвинителството.

(2) За се што не е уредено со овој закон, ќе се применува Законот за Јавното обвинителство и останатите позитивни законски прописи во Република Македонија.

(3) Овој закон ќе биде во сила пет години од усвојување од страна на Собранието и може да се продолжува за еднаш годишно со одлука донесена со двотретинско мнозинство од пратениците.

## II. Значење на изразите употребени во овој закон

Член 2

(1) „Неовластено следење на комуникации" се дефинира како неовластено следење на сите комуникации извршено во периодот меѓу 2008 и 2015 година, вклучително но не и ограничено на аудио снимки и транскрипти поднесени до Јавното обвинителство пред 15 јули 2015 година.

(2) „Јавен обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите" е јавниот обвинител избран согласно со членот 3 од овој закон за истражување и гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите (во натамошниот текст: јавниот обвинител) согласно со ставот (1) на овој член.

(3) „Јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите" е Обвинителството со кое раководи јавен обвинител како што е дефинирано во ставот (2) на овој член, вклучувајќи ги јавните обвинители избрани во ова Обвинителство, истражители, експерти, стручна и административна служба.

## III. Избор на јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство

Член 3

(1) На предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Собранието на Република Македонија, по претходна согласност на четирите политички партии со најголем број на пратеници во Собранието на Република Македонија, Советот по предлог на Собранието на Република Македонија, без објавување на јавен оглас, го избира јавниот обвинител, со мандат од четири години со право на повторен избор. Собранието ќе го утврди кандидатот за јавен обвинител со двотретинско мнозинство, вклучувајќи и мнозинство од гласовите на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство, и ќе го поднесе до Советот на јавни обвинители на Република Македонија („Советот").

(2) Советот ќе го избере јавниот обвинител на седница на која се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на членови.

## IV. Услови за избор на јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство

Член 4

За јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство, може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- Да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од странство,
- Да работи како или е пензиониран обвинител, судија, или адвокат со најмалку осум години работно правно искуство во кривично-правни работи, или да е редовен или вонреден универзитетски професор кој предавал правен предмет во областа на правосудството повеќе од десет години.

## V. Надлежности и должности на јавниот обвинител

### Овластување и надлежност

Член 5

(1) Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство ќе биде овластен да истражува и гони кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, како што е дефинирано во членот 2 став (1) од овој закон.

(2) Јавното обвинителство се основа за целата територија на Република Македонија, со седиште во градот Скопје.

(3) Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство е овластен да презема дејствија и да застапува по предмети пред основните, апелационите судови и Врховниот суд на Република Македонија.

(4) Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство има целосна надлежност и овластување независно да ги извршува сите истражни и обвинителски функции на Јавното обвинителство, кои вклучуваат:

- Учество во судски постапки и започнување каква било судска постапка, вклучувајќи граѓанска и кривична, кои јавниот обвинител ги смета за потребни;
- Изјавување на жалба против која било одлука на суд по кој било предмет или постапка во која јавниот обвинител учествува како надлежен;
- Преглед на сите достапни документарни докази од кој било извор;
- Добивање на сите безбедносни ослободувања за преглед на доверливи информации и информации кои не се достапни за јавноста и
- Поведување и споведување на обвиненија во кој било надлежен суд, составување и потпишување на обвиненија, поднесување на информации, и водење на сите аспекти на кои било предмет кој произлегува од овој закон, во името на Република Македонија.

(5) Сите докази за кривични дела кои не се во обемот на овластувањата и надлежностите на јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите, или се релевантни за постојни кривични предмети ќе бидат предадени на Јавниот обвинител на Република Македонија и обвинителот кој го води предметот.

**VI. Начело на автономија на јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство**

Член 6

(1) Со работата на Јавното обвинителство самостојно раководи јавен обвинител кој ги распоредува работите и работните задачи и одговара за навремено и квалитетно вршење на работите.

(2) Јавниот обвинител има целосна автономија во истражувањето и гонењето на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите. Ниту еден јавен обвинител во Јавното обвинителство на Република Македонија, вклучувајќи го и Јавниот обвинител на Република Македонија, не може да влијае на неговата работа, или да бара извештаи поврзани со предмети од јавниот обвинител или јавните обвинители во рамките на Јавното обвинителство.

(3) На колегиумите во проширен состав во Јавното обвинителство на Република Македонија не се повикува и не присуствува јавниот обвинител и јавните обвинители во Обвинителството и не се разгледуваат стручни, како и прашања од надлежност на јавниот обвинител.

(4) Повисокиот јавен обвинител не може да поднесе иницијатива ни барање за реферирање на одреден предмет или кривично правен настан до јавниот обвинител.

(5) Јавниот обвинител на Република Македонија или друг јавен обвинител не може да презема истраги и гонење по предмети кои спаѓаат во надлежност на јавниот обвинител без негова/нејзина писмена согласност.

**VII. Одговорност на јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство**

Член 7

(1) Јавниот обвинител ќе биде одговорен за неговата/нејзината работа пред Собранието на Република Македонија и пред Советот на јавни обвинители.

(2) Јавниот обвинител ќе поднесува извештај секои шест месеци за неговите/нејзините активности, вклучувајќи и опис за напредок во која било истрага или гонење преземено од јавниот обвинител. Во таквиот извештај може да бидат изоставени материјали кои според јавниот обвинител треба да се чуваат како доверливи, но ќе обезбеди соодветни информации за да ги оправда трошоците.

(3) Јавниот обвинител ќе биде професионално одговорен за стручните и законските дејствија при неговата/нејзината работа пред Советот на јавни обвинители.

**VIII. Односи со јавност**

Член 8

Јавниот обвинител редовно ќе ја информира јавноста за напредокот на неговиот/нејзиниот напредок, врамнотежувајќи ги етичките и процедурални обврски одредени со закон и јавниот интерес да се биде информиран за текот на истрагата и гонењето.

**IX. Организација на Јавното обвинителство**

Член 9

(1) Функцијата јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство ќе биде извршувана од јавен обвинител лично и јавните обвинители избрани во Јавното обвинителство кои му/и помагаат.

(2) Јавниот обвинител ќе предложи листа на кандидати до Советот на јавни обвинители од редот на постојните јавни обвинители за избор во Јавното обвинителство. Советот ќе ги избере јавните обвинители во Јавното обвинителство на седница на која се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на членови, при што има мнозинство од гласови од членови кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство.

(3) Јавните обвинители од ставот (2) на овој член немаат право да донесуваат наредби и обвиненија, а имаат право да го застапуваат јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство пред надлежниот суд.

(4) Мандатот на јавните обвинители од ставот (2) на овој член нема да го надмине мандатот на јавниот обвинител.

(5) Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство, може да основа истражен центар согласно со Законот за кривична постапка.

(6) Специјалниот јавен обвинител може да основа специјализирани одделенија во своето Обвинителство, вклучувајќи и тие кои имаат обвинители кои ќе застапуваат по предмети пред апелационите судови и пред Врховниот суд.

(7) Јавниот обвинител на Република Македонија и Советот на јавни обвинители немаат право да распределат јавни обвинители од Јавното обвинителство во други обвинителства без писмена согласност на јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство.

(8) Специјалниот јавен обвинител може да вработи стручни соработници, експерти, советници, истражители и административен персонал да работи во истражниот центар.

(9) Сите тела за спроведување на закони и Јавното обвинителство на Република Македонија ќе обезбедат помош по барање на Јавното обвинителство, согласно со Законот за кривична постапка.

**X. Начела на хиерархија и субординација**

Член 10

(1) Јавното обвинителство ќе се организира според начелата на хиерархија и субординација.

(2) Јавните обвинители назначени во Јавното обвинителство ќе бидат одговорни единствено пред јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство.

(3) Оцена на работата на јавните обвинители во Јавното обвинителство врши јавениот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство.

**XI. Воспоставување надлежност врз тековни предмети**

Член 11

(1) Јавното обвинителство ќе преземе контрола врз предметите кои спаѓаат во стварната надлежност на Јавното обвинителство во која било фаза од постапката.

(2) По писмено барање од Јавно обвинителство, јавните обвинителства се обврзани, во рок од осум дена, да предадат кој било предмет по кој постапуваат за да се одлучи дали предметот спаѓа во надлежноста на Специјалниот јавен обвинител, согласно со неговите/нејзините овластувања определени со овој закон.

(3) Специјалниот јавен обвинител одлучува во рок од осум дена дали случајот спаѓа во надлежност на Обвинителството.

**XII. Меѓународна правна помош и соработка**

Член 12

Специјалниот јавен обвинител ќе бара меѓународна правна помош и соработка по прашања кои се во негова/нејзина надлежност самостојно, согласно со закон и ратификуваните меѓународни документи.

## XIII. Финансирање и административни средства

### 1. Општи трошоци

Член 13

(1) Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство ќе има обезбедено соодветни финансиски ресурси и персонал, вклучувајќи и административен и истражен персонал и јавни обвинители да ја извршува својата работа соодветно.

(2) Во рок од 30 дена од назначувањето, јавниот обвинител ќе поднесе општ работен, персонален и финансов план до Собранието за известување. Во рокот од ставот (2) на овој член, јавниот обвинител ќе го поднесе општиот работен, персонален и финансов план до Владата на Република Македонија и Советот на јавни обвинители за имплементација.

(3) Владата на Република Македонија е обврзана да обезбеди финансиски средства за непречена работа на Јавното обвинителство согласно со планот од ставот (2) на овој член, не подоцна од 35 дена од влегувањето во сила на овој закон.

(4) Јавниот обвинител може да поднесе дополнителни барања за финансирање на неговиот или нејзиниот напредок во работата.

(5) Министерството за правда ќе обезбеди основни простории за работата на јавниот обвинител во рок од три дена од стапувањето во сила на овој закон, а комплетни просторни услови за Јавното обвинителство во рок од 35 дена од стапувањето во сила на овој закон.

(6) Просториите од ставот (5) ќе бидат надвор од објектите на Јавното обвинителство на Република Македонија со цел да се постигне фактичка и соодветна истражителска и обвинителска независност.

(7) Министерството за правда ќе му обезбеди на Јавното обвинителство доволни компјутерски и информатички ресурси. Јавниот обвинител ги има сите овластувања и надлежности во поглед на пристап до податоци и информации како јавен обвинител на Република Македонија и основниот јавен обвинител за организиран криминал и корупција.

### 2. Плати и надоместоци

Член 14

(1) Платата на јавниот обвинител се определува во висина од 10% пониска од платата на Јавниот обвинител на Република Македонија.

(2) Платата на јавните обвинители во Јавното обвинителство се определува во висина на платите на јавните обвинители во Основното јавно обинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

(3) Јавниот обвинител и јавните обвинители во Јавното обвинителство имаат право на додаток за посебните услови за работа, додаток за постоење на висок ризик и додаток за доверливост.

(4) Платите и другите надоместоци на вработените во јавнообвинителската стручна служба ќе бидат регулирани со закон и колективен договор.

### 3. Опис на трошоци

Член 15

Финансирањето за работата за Јавното обвинителство ќе се состои од средства за плати и надоместоци за јавните обвинители, плати и надоместоци за вработените во јавнообвинителската стручна служба, средства за набавка на стоки и услуги, трошоци за време на постапките вклучувајќи и средства за советување и мислења од експерти, средства за професионално унапредување на јавните обвинители и вработените во јавнообвинителската стручна служба, добивање на капитални инвестиции и средства за одржување на просториите и опремата во Јавното обвинителство.

### 4. Начин на финансирање

Член 16

(1) Потребните средства за работење на Јавното обвинителство ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија преку буџетскиот корисник-Јавно обвинителство на Република Македонија.

(2) Финансискиот годишен план за 2016 година ќе се изработи земајќи ги предвид трошоците од 15 септември 2015 година до 31 демекври 2015 година.

(3) Јавното обвинителство на Република Македонија, Министерството за финансии и Собранието на Република Македонија, не можат да го менуваат финансовиот план од членот 13 став (2) и ќе го вградат во Буџетот на Јавното обвинителство на Република Македонија.

## XIV. Разрешување на јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство и престанок на Јавното обвинителство

### 1. Основи за престанок

Член 17

(1) На јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство функцијата му престанува:

- По сопствено барање;
- Ако трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата јавен обвинител;
- Ако е избран или именуван на друга функција;
- Ако е осуден со правосилна судска одлука на казна затвор во траење од најмалку шест месеци или на пократка казна затвор или друга кривична санкција за кривино дело кое го прави недотоен за вршење на функцијта јавен обвинител.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, престанокот на функцијата јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство ја утврдува Советот на јавни обвинители на предлог на Собранието на Репблика Македонија. Собранието на Република Македонија, предлогот го утврдува по претходна согласност на четирите политички партии со најголем број на пратеници во Собранието на Република Македонија, со двотретинско мнозинство, вклучувајќи и мнозинство од гласовите на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство, и ќе го поднесе до Советот.

### 2. Разрешување

Член 18

(1) Јавниот обвинител се разрешува од функција пред истекот на мандатот поради незаконито, нестручно и несовесно вршење на функцијата. Доколку Советот на јавни обвинители започне постапка за разрешување на јавниот обвинител, Советот на јавните обвинители во разумен рок ќе достави извештај за утврдената фактичка состојба и основите за разрешување до Собранието на Република Македонија. Извештајот ќе биде достапен на јавноста преку комисиите во Собранието на Република Македонија, освен доколку некоја од комисиите не го одложи или спречи објавувањето на дел и на целиот извештај, доколку најде за потребно да се заштитат правата на секое лице наведено во извештајот, или да спречи недозволено влијание во кое било кривично гонење.

(2) Врз основа на доставен извештај од страна на Советот на јавни обвинители, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата во Собранието на Република Македонија, по претходна согласност на четирите политички партии со најголем број на пратеници во Собранието на Република Македонија, Советот по предлог на Собранието на Република Македонија, го разрешува јавниот обвинител. Собранието го утврдува предлогот за разрешување на јавниот обвинител до Советот на јавни обвинители со двотретинско мнозинство, вклучувајќи и мнозинство од гласовите на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство, и ќе го поднесе до Советот.

### 3. Судско одлучување во случај на разрешување

Член 19

Разрешениот јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство може да поднесе тужба до Основен суд Скопје 2-Скопје за разгледување на одлуката за разрешување. Со одлука на судот, јавниот обвинител може да биде вратен на работа или да добие друг вид надоместок.

### 4. Престанок на функцијата

Член 20

Функцијата јавен обвинител кој раководи со Јавното обвинителство престанува по завршувањето на сите истраги и гонења кои се во негова надлежност.

### 5. Укинување на Јавното обвинителство

Член 21

По укинување на Јавното обвинителство, јавните обвинители, административниот персонал и истражителите се упатуваат на работа во Јавното обвинителство на позиции со споредливи лични примања.

### XV. Краен рок за покренување на обвинение

Член 22

Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство, може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражна постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

### XVI. Преодни и завршни одредби

Член 23

(1) Овој закон влегува во сила истиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

(2) Собранието на Република Македонија ќе утврди предлог за јавен обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите на денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Советот на јавни обвинители го избира јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластено следење на комуникациите на денот на влегувањето во сила на овој закон.

## L I GJ
## PËR PROKURORI PUBLIKE PËR NDJEKJEN E VEPRAVE PENALE TË CILAT KANË TË BËJNË DHE REZULTOJNË NGA PËRMBAJTJA E NDJEKJES SË PALIGJSHME TË KOMUNIKIMEVE

### I. Dispozita themelore

Neni 1

(1) Me këtë ligj rregullohen kompetenca, themelimi, ndërprerja, organizimi dhe funksionimi i Prokurorisë Publike për ndjekjen e veprave penale të cilat kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve (në tekstin e mëtejshëm: Prokuroria Publike), bazat për emërimin dhe shkarkimin e prokurorit publik për ndjekjen e veprave penale të cilat kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve dhe çështje tjera lidhur me punën e prokurorisë.

(2) Për çdo gjë që nuk është rregulluar me këtë ligj, do të zbatohet Ligji për Prokurori Publike dhe rregullat tjera ligjore pozitive në Republikën e Maqedonisë.

(3) Ky ligj do të jetë në fuqi pesë vite nga miratimi në Kuvend dhe mund të vazhdohet për një herë në vit me vendim të miratuar me shumicën e dy të tretave të deputetëve.

### II. Domethënia e shprehjeve të përdorura në këtë ligj

Neni 2

(1) "Ndjekje e paautorizuar e komunikimeve" përkufizohet si ndjekje e paautorizuar e të gjitha komunikimeve e kryer në periudhën ndërmjet viteve 2008 dhe 2015, duke përfshirë por jo edhe kufizuar në audio incizimet dhe transkriptimet e parashtruara te Prokuroria Publike para 15 korrikut 2015.

(2) "Prokuror publik për ndjekjen e veprave penale të cilat kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve" është prokurori publik i zgjedhur në pajtim me nenin 3 të këtij ligji për hetimin dhe ndjekjen e veprave penale të cilat kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve (në tekstin e mëtejshëm: Prokurori Publik) në pajtim me paragrafin (1) të këtij neni.

(3) "Prokurori Publike për ndjekjen e veprave penale të cilat kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve" është Prokuroria me të cilën udhëheq Prokurori Publik siç është përkufizuar në paragrafin (2) të këtij neni, duke përfshirë prokurorët publikë të zgjedhur në këtë Prokurori, hetues, ekspertë, shërbim profesional dhe administrativ.

### III. Zgjedhja e Prokurorit Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike

Neni 3

(1) Me propozim të Komisionit për çështje të zgjedhjeve dhe emërimeve të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, me pëlqim paraprak të katër partive politike me numër më të madh të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, Këshilli me propozim të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, pa shpallje të konkursit publik, e zgjedh Prokurorin Publik, me mandat prej 4 vjetëve me të drejtë të rizgjedhjes. Kuvendi do ta përcaktojë kandidatin për Prokuror Publik me shumicën e dy të tretave, duke përfshirë edhe shumicën e votave të deputetëve të cilët u takojnë bashkësive të cilat nuk janë shumicë, dhe do ta dorëzojë në Këshillin e Prokurorëve Publik të Republikës së Maqedonisë ("Këshilli").

(2) Këshilli do ta zgjedh Prokurorin Publik në seancë në të cilën janë të pranishëm së paku 2/3 nga numri i përgjithshëm i anëtarëve.

### IV. Kushtet për zgjedhjen e Prokurorit Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike

Neni 4

Për prokuror publik i cili udhëheq me Prokurorinë publike mund të zgjidhet personi i cili i plotëson këto kushte:

- Të ketë marrë diplomë universitare për jurist të diplomuar në Republikën e Maqedonisë ose diplomë të nostrifikuar nga jashtë,
- Të punojë si ose është prokuror i pensionuar, gjykatës ose avokat me së paku tetë vjet përvojë pune në sferën e drejtësisë në punë juridike-penale ose të jenë profesorë të rregullt ose inordinarë të cilët kanë ligjëruar lëndë të drejtësisë në sferën e jurisprudencës më shumë se dhjetë vite.

### V. Kompetencat dhe detyrat e Prokurorit Publik

### Autorizimi dhe kompetenca

Neni 5

(1) Prokurori Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike do të jetë i autorizuar të hetojë dhe përndjekë vepra penale që kanë të bëjnë me dhe rezultojnë nga përmbajta e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve, siç është definuar me nenin 2, paragrafi (1) të këtij ligji.

(2) Prokuroria Publike themelohet për tërë territorin e Republikës së Maqedonisë, me seli në Qytetin e Shkupit.

(3) Prokurori Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike është i autorizuar të marrë veprime dhe të përfaqësojë për lëndë para gjykatave themelore, të apelit dhe Gjykatës Supreme të Republikës së Maqedonisë.

(4) Prokurori Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike ka kompetencë të plotë dhe autorizim që në mënyrë të pavarur t'i kryejë të gjitha funksionet hetuese dhe të prokurorisë në Prokurorinë Publike, të cilat përfshijnë:

- Pjesëmarrje në procedura gjyqësore dhe fillim të çfarëdo qoftë procedure gjyqësore duke përfshirë civile dhe penale, të cilat Prokurori Publik i konsideron të nevojshme;
- Paraqitje e ankesës kundër cilitdo qoftë vendim të gjykatës për cilëndo lëndë ose procedurë në të cilën Prokurori Publik merr pjesë si kompetent;
- Kontroll të të gjitha provave të kapshme dokumentare nga cilido burim;
- Marrje e të gjitha lirimeve të sigurisë për kontroll të informatave konfidenciale dhe informatave të cilat nuk janë të kapshme për publikun dhe
- Ngritje dhe zbatim të akuzave në cilëndo gjykatë kompetente, përpilimi dhe nënshkrimi i akuzave, parashtrimi i informatave dhe udhëheqja e të gjitha aspekteve për cilëndo lëndë e cila del nga ky ligj, në emër të Republikës së Maqedonisë.

(5) Të gjitha provat për vepra penale të cilat nuk janë në vëllimin e autorizimeve dhe kompetencave të Prokurorit Publik për ndjekjen e veprave penale që kanë të bëjnë me dhe që rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve, ose janë relevante për lëndë ekzistuese penale, do t’i dorëzohen Prokurorit Publik të Republikës së Maqedonisë dhe prokurorit i cili e udhëheq lëndën.

### VI. Parimi i autonomisë së Prokurorit Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike

Neni 6

(1) Me punën e Prokurorisë Publike në mënyrë të pavarur udhëheq Prokurori Publik i cili i sistemon punët dhe detyrat e punës dhe përgjigjet për kryerjen në kohë dhe kualitative të punëve.

(2) Prokurori publik ka autonomi të plotë në hetimin dhe përndjekjen e veprave penale që kanë të bëjnë me dhe që rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve. Asnjë prokuror publik i Prokurorisë Publike të Republikës së Maqedonisë, duke i përfshirë edhe Prokurorin Publik të Republikës së Maqedonisë, nuk mund të ndikojë në punën e tij, ose të kërkojë raporte lidhur me lëndët e Prokurorit Publik ose prokurorëve publikë në kuadër të Prokurorisë Publike.

(3) Në kolegjiumet në përbërje të zgjeruar në Prokurorinë Publike të Republikës së Maqedonisë nuk thirret dhe nuk është i pranishëm Prokurori Publik dhe prokurorët publikë në Prokurori dhe nuk shqyrtohen çështjet profesionale, si dhe çështjet në kompetencë të Prokurorit Publik.

(4) Prokurori më i lartë publik nuk mund të ngrejë iniciativë as kërkesë për referim në lëndë të caktuar ose ngjarje juridike penale te Prokurori Publik.

(5) Prokurori Publik i Republikës së Maqedonisë ose prokurori tjetër publik nuk mund të ndërmarrë hetime dhe përndjekje për lëndë të cilat janë në kompetencë të Prokurorit Publik ose pëlqim me shkrim të tij/saj.

### VII. Përgjegjësia e Prokurorit Publik i cili do të udhëheqë me Prokurorinë Publike

Neni 7

(1) Prokurori Publik do të jetë përgjegjës për punën e tij/saj para Kuvendit të Republikës së Maqedonisë dhe para Këshillit të Prokurorëve Publikë.

(2) Prokurori Publik do të parashtrojë raport çdo gjashtë muaj për aktivitetet e tij/saj, duke përfshirë edhe përshkrim për progres në cilindo hetim ose përndjekje të ndërmarrë nga Prokurori Publik. Në raportin e tillë mund të anashkalohen materiale të cilat sipas Prokurorit Publik duhet të ruhen si konfidenciale, por do të sigurojë informata përkatëse që t'i arsyetojë shpenzimet.

(3) Prokurori Publik do të jetë përgjegjës profesionalisht për veprimet profesionale dhe ligjore gjatë punës së tij/saj para Këshillit të Prokurorëve Publikë.

### VIII. Marrëdhënia me publikun

Neni 8

Prokurori Publik rregullisht do ta informojë publikun për progresin e tij/saj, duke i baraspeshuar obligimet etike dhe procedurale të përcaktuara me ligj dhe interesin publik që të informohet për rrjedhën e hetimit dhe përndjekjes.

### IX. Organizimi i Prokurorisë Publike

Neni 9

(1) Funksioni Prokuror Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike do të kryhet nga Prokurori Publik personalisht dhe prokurorët publik të zgjedhur në Prokurorinë Publike të cilët i ndihmojnë.

(2) Prokurori Publik do të propozojë listë të kandidatëve te Këshilli i Prokurorëve Publike nga radhët e prokurorëve publikë ekzistues për zgjedhje në Prokurorinë Publike. Këshilli do t'i zgjedhë prokurorët publikë në Prokurorinë Publike në mbledhje në të cilën janë të pranishëm së paku 2/3 nga numri i përgjithshëm i anëtarëve, me ç’rast ka shumicë votash nga anëtarët të cilët u takojnë bashkësive që nuk janë shumicë.

(3) Prokurorët Publikë nga paragrafi (2) i këtij neni, nuk kanë të drejtë të miratojnë urdhëresa dhe akuza, kurse kanë të drejtë ta përfaqësojnë Prokurorin Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike para gjykatës kompetente.

(4) Mandati i prokurorëve publikë nga paragrafi (2) i këtij neni nuk do ta tejkalojë mandatin e Prokurorit Publik.

(5) Prokurori Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike mund të themelojë qendër hetuese në pajtim me Ligjin për procedurë penale.

(6) Prokurori Publik Special mund të themelojë seksione të specializuara në Prokurorinë e vet, duke përfshirë edhe ato të cilët kanë prokurorë të cilët do t'i përfaqësojnë lëndët para gjykatave të apelit dhe para Gjykatës Supreme.

(7) Prokurori Publik i Republikës së Maqedonisë dhe Këshilli i Prokurorëve Publikë nuk kanë të drejtë të sistemojnë prokurorë publikë nga Prokuroria Publike në prokurori tjera pa pëlqim me shkrim të Prokurorit Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike.

(8) Prokurori Publik Special mund të punësojë bashkëpunëtorë profesionalë, ekspertë, këshilltarë, hetues dhe personel administrativ që të punojë në qendrën hetuese.

(9) Të gjitha trupat për zbatimin e ligjeve dhe Prokuroria Publike e Republikës së Maqedonisë do të sigurojnë ndihmë me kërkesë të Prokurorisë Publike, në pajtim me Ligjin për procedurë penale.

### X. Parimi i hierarkisë dhe subordinimit

Neni 10

(1) Prokuroria Publike do të organizohet sipas parimeve të hierarkisë dhe subordinimit.

(2) Prokurorët publikë të emëruar në Prokurorinë Publike do të jenë përgjegjës vetëm para Prokurorit Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike.

Vlerësim të punës së prokurorëve publikë në Prokurorinë Publike kryen Prokurori (3) Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike.

### XI. Vendosja e kompetencës në lëndët rrjedhëse

Neni 11

(1) Prokuroria publike do të ndërmarrë kontroll mbi lëndët të cilat i takojnë kompetencës reale të Prokurorisë Publike në cilëndo qoftë fazë të procedurës.

(2) Me kërkesë me shkrim nga Prokuroria Publike, prokuroritë publike janë të obliguara, në afat prej tetë ditësh ta dorëzojnë cilëndo lëndë për të cilën veprojnë që të vendoset nëse lënda i takon kompetencës së Prokurorit Publik Special, në pajtim me autorizimet e tij/saj të përcaktuara me këtë ligj.

(3) Prokurori Publik Special vendos në afat prej tetë ditësh nëse rasti bën pjesë në kompetencë të Prokurorisë.

### XII. Ndihma juridike ndërkombëtare dhe bashkëpunimi

Neni 12

Prokurori publik special do të kërkojë ndihmë juridike ndërkombëtare dhe bashkëpunim për çështje të cilat janë në kompetencë të tij/saj, në pajtim me ligj dhe dokumentet e ratifikuara ndërkombëtare.

### XIII. Financimi dhe mjetet administrative

### 1. Shpenzime të përgjithshme

Neni 13

(1) Prokurori Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike do të ketë të siguruara resurse financiare përkatëse dhe personel, duke përfshirë edhe personel hetues dhe administrativ dhe prokurorë publikë që ta realizojë punën e tij në mënyrë përkatëse.

(2) Në afat prej 30 ditëve nga emërimi, Prokurori Publik do të parashtrojë plan të përgjithshëm të punës, të personelit dhe financiar në Kuvend për njoftim. Në afatin e paragrafit (2) të këtij neni, Prokurori Publik do ta parashtrojë planin e përgjithshëm të punës, të personelit dhe financiar në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë dhe Këshillin e Prokurorëve Publikë për implementim.

(3) Qeveria e Republikës së Maqedonisë është e obliguar që të sigurojë mjete financiare për punë të papengueshme të Prokurorisë Publike në pajtim me planin nga paragrafi (2) i këtij neni, jo më vonë se 35 ditë nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

(4) Prokurori publik mund të parashtrojë kërkesa plotësuese për financim të progresit të tij ose të saj në punë.

(5) Ministria e Drejtësisë do të sigurojë lokale themelore për punën e Prokurorit Publik në afat prej tri ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji, ndërsa kushte të kompletuara hapësinore për Prokurorinë Publike në afat prej 35 ditësh nga hyrja në fuqi e këtij ligji.

(6) Lokalet nga paragrafi (5) do të jenë jashtë objekteve të Prokurorisë Publike të Republikës së Maqedonisë me qëllim që të arrihet pavarësi faktike dhe përkatëse hetuese dhe e prokurorisë.

(7) Ministria e Drejtësisë do t'i sigurojë Prokurorisë Publike resurse të mjaftueshme kompjuterike dhe informatike. Prokurori Publik i ka të gjitha autorizimet dhe kompetencat në aspekt të qasjes në të dhënat dhe informatat si Prokurori Publik i Republikës së Maqedonisë dhe Prokurori publik themelor për krim të organizuar dhe korrupsion.

### 2. Rroga dhe kompensime

Neni 14

(1) Rroga e Prokurorit Publik përcaktohet në lartësi prej 10% më e ulët nga rroga e Prokurorit Publik të Republikës së Maqedonisë.

(2) Rroga e prokurorëve publikë në Prokurorinë Publike përcaktohet në lartësi të rrogave të prokurorëve publikë në Prokurorinë Publike Themelore për Përndjekjen e Krimit të Organizuar dhe Korrupsionit.

(3) Prokurori Publik dhe prokurorët publikë në Prokurorinë Publike kanë të drejtë në shtesë për kushtet e posaçme për punë, shtesë për ekzistimin e rrezikut të lartë dhe shtesë për besueshmëri.

(4) Rrogat dhe kompensimet tjera të të punësuarve në shërbimin profesional të prokurorisë publike do të rregullohen me ligj dhe marrëveshje kolektive.

### 3. Përshkrimi i shpenzimeve

Neni 15

Financimi për punë për Prokurorinë Publike do të përbëhet nga mjetet për rroga dhe kompensime për prokurorët publikë, rroga dhe kompensime për të punësuarit në Shërbimin Profesional të Prokurorisë Publike, mjetet për furnizim të mallrave dhe shërbimeve, shpenzime gjatë procedurave duke i përfshirë edhe mjetet për këshillim dhe mendime nga ekspertët, mjete për avancim profesional të prokurorëve publikë dhe të punësuarve në Shërbimin Profesional të Prokurorisë Publike, marrje e investimeve kapitale dhe mjeteve për mirëmbajtjen e lokaleve dhe pajisjes në Prokurorinë Publike.

### 4. Mënyra e financimit

Neni 16

(1) Mjetet e nevojshme për punën e Prokurorisë Publike do të sigurohen nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë përmes shfrytëzuesit buxhetor - Prokuroria Publike e Republikës së Maqedonisë.

(2) Plani vjetor financiar për vitin 2016 do të përpilohet duke marrë parasysh shpenzimet nga 15 shtatori 2015 deri më 31 dhjetor 2015.

(3)Prokuroria Publike e Republikës së Maqedonisë, Ministria e Financave dhe Kuvendi i Republikës së Maqedonisë nuk mund ta ndryshojnë planin financiar nga neni 13 paragrafi (2) dhe do ta inkorporojnë në Buxhetin e Prokurorisë Publike të Republikës së Maqedonisë.

### XIV. Shkarkimi i Prokurorit Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike dhe shuarja e Prokurorisë Publike

### 1. Bazat për shuarje

Neni 17

(1) Prokurorit publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike funksioni i ndërpritet:

- Me kërkesë personale;
- Nëse në mënyrë të përhershme e humb aftësinë për kryerjen e funksionit Prokuror Publik;
- Nëse është zgjedhur ose emëruar në funksion tjetër;
- Nëse është dënuar me vendim të plotfuqishëm gjyqësor me dënim me burg në kohëzgjatje prej së paku gjashtë muajsh ose me dënim më të shkurtër me burg ose sanksion tjetër penal për vepër penale që e bën të padenjë për kryerjen e funksionit Prokuror Publik.

(2) Në rastet nga paragrafi (1) i këtij neni, ndërprerjen e funksionit Prokuror Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike e përcakton Këshilli i Prokurorëve Publikë me propozim të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë, propozimin e përcakton me pëlqim paraprak të katër partive politike me numër më të madh të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, me shumicën e dy të tretave, duke përfshirë edhe shumicën e votave të deputetëve të cilët u takojnë bashkësive të cilat nuk janë shumicë, dhe do ta paraqesë te Këshilli.

**2. Shkarkimi**

Neni 18

(1) Prokurori Publik shkarkohet nga funksioni para skadimit të mandatit për shkak të kryerjes së funksionit në mënyrë të paligjshme, joprofesionale dhe të pandërgjegjshme. Nëse Këshilli i Prokurorëve Publikë fillon procedurë për shkarkimin e Prokurorit Publik, Këshilli i Prokurorëve Publikë në afat të arsyeshëm do të dorëzojë raport për gjendjen e përcaktuar faktike dhe bazat për shkarkim te Kuvendi i Republikës së Maqedonisë. Raporti do të jetë i arritshëm për publikun nëpërmjet komisioneve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, përveç nëse ndonjëri nga komisionet nuk e prolongon ose pengon shpalljen e një pjese dhe të raportit të tërë nëse e sheh të nevojshme që të mbrohen të drejtat e çdo personi të theksuar në raport, ose të pengojë ndikim të palejuar në cilëndo përndjekje penale.

(2) Në bazë të raportit të dorëzuar nga Këshilli i Prokurorëve Publikë, me propozim të Komisionit për Çështje të Zgjedhjeve dhe Emërimeve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, me pëlqim paraprak të katër partive politike me numër më të madh të deputetëve në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, Këshilli me Propozim të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë, e shkarkon Prokurorin Publik. Kuvendi e përcakton propozimin për shkarkim të prokurorit publik te Këshilli i Prokurorëve Publikë shumicën e dy të tretave, duke përfshirë edhe shumicën e votave të deputetëve të cilët u takojnë bashkësive të cilat nuk janë shumicë, dhe do ta parashtrojë te Këshilli.

**3. Vendimmarrja gjyqësore në rast të shkarkimit**

Neni 19

Prokurori Publik i shkarkuar i cili udhëheq me Prokurorinë Publike mund të parashtrojë padi te Gjykata Themelore Shkupi 2 -Shkup për shqyrtimin e vendimit për shkarkim. Me vendim të gjykatës, Prokurori Publik mund të kthehet në punë apo të marrë lloj tjetër të kompensimit.

**4. Ndërprerja e funksionit**

Neni 20

Funksioni Prokuror Publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike ndërpritet pas përfundimit të të gjitha hetimeve dhe përndjekjeve të cilat janë në kompetencë të tij.

**5. Shuarja e Prokurorisë Publike**

Neni 21

Pas shuarjes së Prokurorisë Publike, prokurorët publikë, personeli administrativ dhe hetuesit dërgohen në punë në Prokurorinë Publike në pozicione me të ardhura përkatëse personale.

**XV. Afati i fundit për ngritjen e akuzës**

Neni 22

Prokurori publik i cili udhëheq me Prokurorinë Publike mund të ngrejë akuzë ose të urdhërojë ndalim të procedurës hetimore në periudhë jo më të gjatë se 18 muaj nga dita e marrjes së lëndëve dhe materialeve në kompetencë të tij.

**XVI. Dispozita kalimtare dhe të fundit**

Neni 23

(1) Ky ligj hyn në fuqi në ditën e njëjtë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

(2) Kuvendi i Republikës së Maqedonisë do të përcaktojë propozim për Prokuror Publik për ndjekjen e veprave penale që kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

(3) Këshilli i Prokurorëve Publikë e zgjedh Prokurorin Publik për ndjekjen e veprave penale që kanë të bëjnë dhe rezultojnë nga përmbajtja e ndjekjes së paautorizuar të komunikimeve në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015159